**оригинален научен труд**

**УДК 616.932-036.22(497.7)(091)**
**УДК 616.98:578.833.3-036.22(497.7)(091)**

# ЕПИДЕМИИТЕ И ПРЕВЕНТИВНАТА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА (ЗА ЧУМАТА И КОЛЕРАТА СПОРЕД ПАТЕПИСИ И ДОКУМЕНТИ ОД 18 И ОД 19 ВЕК)

**Силвана Сидоровска-Чуповска**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Keywords**: Macedonia, Ottoman Empire, epidemics, plague, cholera, medicine, health, health care, propagandas

**Summary:** In this paper has reserved area for history of the plague and cholera in Macedonia in 18 and 19th century. The epidemics a little known but substantial factor for the on-going changes in cultural and spiritual attitudes and practices in Ottoman Empire in this period. That fearful epidemics occurred periodically throughout those years and destructive effect upon the lives of people in Macedonian villages and towns. Those were disrupted the normal economic rhythm and caused many people to flee from their homes and thus leading as well to serious changes in the system of existing settlements. The changes underway second half 19 th century had opened new horizons to and methods for preventing and handling with the epidemics.

Со својата централна положба на Балканот, Македонија во минатото била изложувана на постојани епидемии од заразни болести. Од нив најчести биле: чумата, колерата, дифтеријата, лепрата, маларијата, големите сипаници и други.

Во првите векови по навлегувањето на Османлиите најголем број од споменатите епидемии добиле на уште поголем интензитет, а како главни преносители биле османлиските војски, кои доаѓале од разни делови на: Европа, Африка и Азија. За нивната појава и развој бил погоден и релјефот на Македонија, односно географска положба на земјата, која, како по правило, постојано била заплашувана од ширењето на епидемиите од запад, односно од Албанија. Сепак, главниот извор на зарази секогаш доаѓал од југот, односно од Солун и од неговото пристаниште, за кое е познато дека до крајот на османлиското владеење било и најголемото жариште за ширење на епидемиите во Македонија (Манолова-Николова, 2004: 31-32).

Разорни по своето дејствување, од епидемиите, со најголеми човечки загуби биле чумата и колерата, за кои, во вековите под османлиско владеење, народот раскажувал за нив преку нарација, но се бележело и во пишувана форма. Од пишаните извори најпознати се

летописите и хрониките, а подоцна и патеписите од западните патописци, кои, од своите патувања низ Балканот, многу често ги регистрирале годините и поголемите населени места (б.м. Солун, Битола, Скопје и Велес) погодени од големите епидимии (Jeremić: 1935, 17).

Првите патеписни записи во кои се опфатени поголемите епидемии на Балканот, во кои не останала настрана ниту Македонија, датираат од средината на 16 век, односно од 1550 година (Матковски : 1983, 54).

Епидемиите во текот на 18 и на 19 век и понатаму не стивну-вале во Македонија. За нивното континуирано присуство им биле по-годни и климатските услови, дополнети со лошите станбени и хигиен-ски услови на живеење, ниската здравствена култура, сиромаштијата, непостоењето на здравствен кадар, лошите превентивно хигиено-санитарни мерки, несоодветната дистрибуција и чувањето на храната и други.

Во еден извештај од почетокот на 18 век, од еден непознат патник, кој патувал од Дубровник за Цариград преку Скопје, е забе-лежано дека: „Не можел да влезе во Скопје поради чумата за која чул дека однела 2000 души“. Неколку години подоцна, во 1712-1714 година, чумата во Македонија зела страшни размери. Во 1712 година само во Солун починале околу 8000 луѓе. Солун, со кратки прекини, повторно бил зафатен од чума во 1717-1722 година (Цонев: 1923, 57).

На Балканскиот Полуостров често се регистрираат појави на чума, кои опфаќаат поголема територија, но се познати и локални појави**.** Во 1724-1725 година од една голема епидемија не била поштедена ниту Македонија.Чумата, која започнала есента, продол-жила и во текот на зимата и на пролетта, проследена со голема смртност меѓу населението (Николов; Мичев: 1978: 52).

Од слична епидемија, територијата на Македонија била зафатена и во текот на 1737-1738 година. Соопштенијата што датираат од овој период изнесуваат податоци и за уште една заразна болест, односно за големите сипаници. Во една од црковните книги на манастирот „Св. Прохор Пчински“ напишана од ѓаконот Јанко, во месец март, ден 25, пишувало: „...Страшна година беше, чумата уби-ваше, сипаници имаше, пет гроша ока ракија, грош ока вино, 1738 година добра зима беше, снег немаше...“(Иванов:1970, 138).

И во наредните години епидемијата не стивнувала. Во извеш-тајот од венецијанскиот конзул во Драч било изнесено дека: „Во 1740 година, чумата ја имало во Скопје и Битола, од која дневно умирале по 5-6 души. Во 1741-1742 година во Солун умирале и по 300 души, а понекогаш и по 500 души дневно, од кои повеќето Турци и Евреи. Забележано е дека од една епидемија на сипаници во 1757 година починале 3500-4000 деца. (Лапе: 1992, 76). Францускиот патописец Жак Клод Флаша во еден од своите патеписи пишувал за трагедијата

на малиот град Узунцово во мај 1741 година и за неговото уништување од чумата. Од голем број заболени жители само 12 семејства целосно оздравеле (Френски пътеписи за Балканите от първата половина на XIX век: 1981, 300-301).

По одделните појави на епидемија на чума во Цариград, регистрирани во 40-тите години од 18 век, чумата повторно се појавила во 1750-1751 година. За нејзината појава во Македонија и за размерите што ги опфатила не постојат податоци. Меѓутоа, со регистрирањето на болеста во Србија во 1756 година, а во текот на 1759 година во: Софија, Ниш и Видин (Манолова-Николова, 2004: 44), не можеме да ја исклучиме можноста (поради близината на спомената места) дека во овој период не била поштедена од оваа смртоносна болест ниту Македонија.

За широките размери и последиците што ги донела чумата се споменува и периодот 1761-1763 година кога многу настрадале градовите Скопје и Охрид. Со несмален интензитет соопштуваат и извештаите на странските конзули, кои пишуваат за појава на чумата во годините: 1772, 1778, 1781. Во 1775-1776 година чумата се споменува во Дојран и во Струмица, а такви епидемии имало и во 1788 и 1791-1792 година. Во 1780-1781 од голема епидемија повторно биле зафатени Скопје и Битола (Доосвобожденски пътеписи: 1969,104).

Многумина од патописците како причина за појава на епиде-мијата од чума ги наведувале и мочуриштата, кои останувале по големите поплави. Францускиот патописец Шарл Сонини, во 1777 година, за „застојаните“ води на р. Вардар во близината на Солун заклучил дека „од нив се шири главната зараза и смрт за жителите од градот“ (Манолова-Николова, 2004: 44).

За хигенско-здравствените услови на Македонија известувале и дипломатските претставништва. Во извештајот од 18 јули 1798 година, англискиот конзул Чарнауд од Солун до гувернерот на Леванската компанија, покрај вообичаената преписка за движењето на француската и англиската флота, му пишувал и за ширењето на чумата во градот: „...чумата за која Ви пишав во последното писмо создаде голем метеж во овој град, но постојат изгледи за надеж дека заразата ќе биде отстранета пред почетокот на идниов месец…“. Неколку месеци подоцна, конзулот Чарнауд во паника испратил извештај повторно адресиран до гувернерот на Компанијата во кој пишувал: „овде с# уште се зборува за чумата, и понекогаш се појавува по некој случај“ (Британски документи за историјата на македонскиот народ: 1968, 11-12). Следната година британскиот конзул во едно соопштение пишува и за и немирите во Солун, кои се појавиле како резултат на „заразата“ (Британски документи за историјата на македонскиот народ: 1968, 13).

Со почетокот на 19 век епидемиите на Балканот продолжиле да се појавуваат со несмален интензитет. Години во кои заразните бо-лести однеле најголеми човечки и материјални жртви се споменуваат се: 1813-1818; 1822; 1824; 1829; 1831; 1832; 1834; 1836; 1838; 1839; 1841; 1848; 1849; 1855; 1865-76; 1878; 1879; 1886-1889; 1892; 1893; 1896-1898 (Jeremić: 1935, 17).

За првите дестелетија од 19 век се евидентирани локални појави на чума од различен интензитет. Карактеристично е што болеста во овој период е забележана само во селските реони на Македонија (Англиский пътеписи за Балканите: 1987, 473). Од 1810 година чумата се повеќе се регистрира и по градовите (Манолова-Николова, 2004:74).

Епидемија на чума во 1801 година со големи човечки загуби се појавила во: Велес, Овче Поле, Кратово, Полог, а следната година и во Скопје. Во периодот 1807-1810 година епидемија на чума имало и во реонот на Солунско (Френски пътеписи за Балканите от първата половина на XIX век: 1981, 46) и  во Охрид (Спространов: 1897, с. 682). Во 1813-1814 година од чумата повторно не бил поштеден Велес, но ја имало и во: Серес, Драма, Солун, а многу настрадал Лесновскиот манастир (Гандев: 1940, 79-83).

Чумата во Велес повторно била присутна во 1831 (освен чума, во градот се појавила колера) и во 1835 година. Појавата на чумата била опишана во *Велешкиот летопис*[1], која од народот била наречена „големиот оган“ (Иванов: 1970, 27; Манолова-Николова, 2004:77).

Во триесеттите години од 19 век, чумата и колерата биле забележани речиси на целата територија на Македонија. За овој период британскиот конзул Џејмс Чарнауд споменува појава на колера во Серез. Во својот извештај од 4 септември 1832 година пишува: „Се шират гласови за појавата на колера во Серез (б.м во извештајот е даден латинскиот израз на болеста *colera morbus*) на 24 часа од градот. Неопходно да се потврди случајот - ако е вистина може да дојде до голема вознемиреност овде, бидејќи посетите од Серез, кој е прилично голем град се чести“ (Британски документи за историјата на македонскиот народ: 1968, 76). За трагичните последици, кои ги носела оваа епидемија како и неможноста народот да ја спречи, илустрира и податокот од 1848 година во кој се зборува за големиот број човечки жртви во Македонија (Николовски:1966, 72).

Новиот бран на епидемија на чумата започнал во 1834 година и тој бил со центар во Истанбул. Во Македонија, таа година биле

[1] Летописите и родовите хроники се инетерсни и важни сведоштва, од кои понекогаш дознаваме за настаните од социјална или од смејена природа и во кои често се испре-плетени „страшни факти“ од дејствувањето на чумата. *Велешкиот летопис* започнува со описот на  „големата чума“ од 1813 година и претставува важен извор за да дознаеме за оваа епидемија и за нејзините последици врз градот Велес до средината на 19 век.

регистрирани т.н локални „жаришта“. Од нив како најчесто „жариште“ на заразни болести е градот Велес. Истата година од колера не бил поштеден градот Прилеп (Шалдев: 1916, 18). Две години подоцна, кога на Балканот немало воени дејствија, чумата и колерата се во Македонија и повторно е најпогоден Велес (првпат биле забележани на Петровден) (Манолова-Николова, 2004: 77-78).

Новиот британски конзул Чарлс Блант, во Солун, во извеш-тајот од 14 јули 1835 година пишувал за појавата на чумата во Кавала и за неколку случаи во градот Драма (Британски документи за историјата на македонскиот народ: 1968, 84). Кон крајот на 1835 година Чарлс Блант во својот извештај од 2 мај 1836 година споменува за појава на неколку случаи на чума во Серез (Британски документи за историјата на македонскиот народ: 1968, 89-90). Во 1839-1840 година од оваа болест настрадале голем број граѓани во Неврокоп и во Драма (Иванов:1970, 274).

Условите за живеење биле еден од главните превентивни мерки за заштита од епидемиите. Нискиот стандард во одржувањето на лична и на хигената во местата на живеење, всушност, биле едни од најголемите преносители на инфекции. За илустрација ќе го искористиме описот од францускиот патописец Ами Буе, кој, во врска со гореспоменатото ја изнел својата констатација за состојбата во европска Турција, а истовремено и за Македонија, кој ја посетил во 1840 година. Според она што го видел и разбрал за чумата од 1837 година, Ами Буе проценил дека „...болеста однела не помалку од 100 000 луѓе ... не постоеле медицински школи од каков било ранг, па затоа и не се регрутирал никаков медицински кадар ... голема била смртноста на породиликите, новороденчињата, неотпорните деца, воопшто болните кои ги следеле упатствата на бајачките и на дервишите...“ (Станинска – Поповска; 1999, 66).

Чумата имала големо влијание и врз промените, кои се случу-вале врз ритамот на живеење во македонските градови. Многу од занаетчиските работилници запирале со работа, а замирала и трговијата. За 1837 година Ами Буе пишувал за затворање на сите дуќаните во Горна Џумаја (Шарков: 1929, 92). Многубројни се и сведоштвата во кои се опишани трагичните настани кога од страна на трговци, заразата ја пренесувале во кругот на семејството. Неретко по пренесувањето на заразата умирале и цели семејства. Се споменува дека од чумата најмногу умирале трговците, кои патувале надвор од градот  (Манолова-Николова, 2004: 105).

Во периодите на чумата престанувале и активностите повр-зани со градежната дејност и за неколку месеци запирале градбите на многу цркви. Врз грбот на манастирите била и грижита за многу болни, кои го барале спасот во нивната закрила. Во 1837 година некои од

градовите се соочиле со тешкотии во пристигање на материјал потребен за градба на градските цркви кога „од превентива биле затворени патиштата“ (Иванов:1970, 274).

Десет години подоцна, по стивнување на чумата, се појавила колера. Колерата, според пишувањата на некои истражувачи, била пренесена во Европа од Исток. Во 1848 година „од страшната колера во Велес починале многу познати луѓе“. За колерата е регистрирано дека, за разлика од епидемиите на чума, била забележана само во летото 1848, а во ретки случаи имало појави и во почетокот на 1849 година (Манолова-Николова, 2004: 78-79).

Нова епидемија од колера, која се појавила на Балканскиот Полуостров во 1853 година не ја одминала Македонија. Во 1864-1865 и во 1873 година се бележи повторна појава на колерата од која била зафатена речиси целата територија на земјата.

Последиците што ги чувствувал народот, препуштен самиот на себеси, оставале траги и на генерациите што доаѓале. Во Османлиската Империја промените на полето на превентивната заштита, многу тешко се реализирале. Портата, поради ваквиот нејзин однос, многу често била критикувана од странските мисионери, кои престојувале во Империјата. За нив било сосема очигледно дека без контролираното движење од град во град, фаталните суеверија и негрижата за сопственото здравје, ширењето на заразните болести, ќе биде постојано присутно меѓу населението.

Првите системски и масовно организирани заштитни мерки од официјалната власт започнале да се применуваат во 30-тите години на 19 век, кога во време на големата епидемија на колера во Истанбул од 1831-1832 година за првпат бил воспоставен карантин во траење од пет дена за бродовите што пристигнувале од Црното Море. Со појавата на чумата во 1834 година од Портата била издадена наредба за карантин и на бродовите што пристигнувале од Смирна. Во Истанбул вториот карантин бил отворен во 1835 година, веднаш по ширење на епидемијата на чума во градот (Паскалева; Христов: 1963, 52).

За главен реформатор во спроведувањето на карантискиот систем во Империјата се смета султанот-реформатор Махмуд II, кој на почетокот се соочил со големи притиоци од страна на „шериатското општество“ и присутното мислење дека чумата „не била заразна“. Сепак, несигурноста била поврзана од големиот број тешкотии на организациски план во создавањето на карантинскиот систем. Затоа, во 1835-1837 година, во времето на епидемијата на чума било донесено и решението за формирање само на „времени карантини“. Неколку години подоцна, согледувајќи го значењето на превентивната заштита и улогата на карантините, била донесена одлука „за значењето на

карантинот како заштитна мерка, која немала да му противречи на шеријатот“ (Манолова-Николова, 2004: 212).

Во 1836 година била издадена султанска наредба до сите паши да преземат првентивни мерки во спречување на болеста во областите, кои им се доверени на управување. Веднаш потоа, била издадена строга забрана да се излегува од Скопје и од Битола во време на епидемија и таа била поддржана со санитарен кордон (Манолова-Николова, 2004: 209). Следната година и градот Ениџе-Вардар бил затворен град за време на чумата во 1837 година. На влезот од градот биле ставени надгледувачи, кои имале задача да го спречат влегувањето во градот (Тантилов: 1908-1909, 405-411).

С# почесто се применувала и мерката на изолација на цели фамилии во нивните домови. За ова, секако, влијание имало и појавата на професионални лекари како и: студенти, трговци, учители, кои се стекнале со образование во Европа. Се започнало да се применува и т.н. „задимување“ на заразената облека, варосување на домовите, како и горењето на волнената облека, како една од поефикасните мерки за уништување на болвите, главните причинители за појавата на чумата и колерата по селските и по градските домови.

Со појавата на карантинските станици во поголемите градови на Империјата била издадена и строга наредба со која требало „да се следат“ починатите од чума. Во куќите на починатите се правела дезинфекција, како и сите други неопходни мерки, кои ги издавал карантинскиот совет (Манолова-Николова, 2004: 214).

Промените, како и решеноста на власта да се постапи со превентивни мерки за заштита од заразните болести, се почувствувале и во Македонија. Во 1841 година, карантински служби со лекари започнале со работа во градовите: Солун, Битола и Скопје (Каймакчиева: 1978, 71-73). Во 1872 година бил направен напредок со изградбата на солунската карантинска станица.

Нештата на планот на подобрување на превентивната заштита, од страна на Портата, донекаде ја стабилизирале состојбата со епидемиите во Македонија, но слабостите од потребата за медицинска помош ја правело положбата и понатаму несигурна. Во земјата, од медицинскиот кадар, во најголем број биле присутни лекари-странци, чија дејност повеќе била насочена во служба на пропагандите (грчка, бугарска, српска, романска), а помалку на лекувањето на болните. Македонското население и покрај придвижувањето на работите на полето на здравствената заштита, до крајот на 19 век и понатаму, најмногу верувало на народната медицина и во своите сонародници, лекарите-Македонци, кои ги имало с# повеќе.

**Литература:**

Англиский пътеписи за Балканите. 1987. София.
Британски документи за историјата на македонскиот народ. 1968. (1797-1839). Т.I. Скопје.
Гандев. Христо. 1940. Към изучаване на "чумавите времена"- В: Сб. В Памет на проф. П. Наков. София.
Доосвобожденски пътеписи. 1969. София.
Иванов. Йордан. 1970. Българските страини из Макеония. София.
- Jeremić. Risto. 1935. Zdravstvene prilike u Jugoslovenskim zemljama do kraja devetnaestog veka. Zagreb.
Каймакчиева.Р., 1978. Создание законодательства и организации здравоохранения в XIX в. В.: „Асклепий", Т. IV. София.
Манолова-Николова. Надя. 2004. Чумавите времена (1700-1850), София .
Матковски. Александар. 1983. Историја на Евреите во Македонија. Скопје .
Николов. З.; Мичев. М., 1978. О чумных эпидемиях на болгарской земле на протяжении XV-XIX веков. В. „Асклепий", Т. 4. София.
Николовски. Боро. 1966. О превентиве у Македонији у турско периоду наше историје (од XIII-XIX века), Зборник радова XV Научног састанка 26-28 мај. Београд.
Паскалева, В.; Христов, Хр., 1963. Документи за българската история из германски архиви, 1829-1877. док. бр. 13, София.
Спространов. Ефтим. 1897. Джеладин бей (Принос към историята на Охрид). СБ. НУНК, XIV. София.
Станинска-Поповска. Снежана.1999. Ами Буе за Македонија. Скопје.
Тантилов. Христо. 1908-1909. По появянето на третата чумна епидемия в някои места на България и Македония. Медицинско списание, I, бр. 4-5. София.
Френски пътеписи за Блакните от првата половина на XIX в. София.
Цонев. Б., 1923. Опис на славянските ръкописи и страопечатени книги на Народната библиотека во София. София.
Шалдев. Христо.1916. Град Прилеп в българското възраждане. София.
Шарков. Васил. 1929. Град Горна Джумая. София.